# КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ“
# - БИТОЛА-

# 55 години
# ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА



Битола, Физикална медицина и рехабилитација 1962 - 2017

Уредувачки одбор

Д-р Соња Коцарева Трпезановска

Д-р Димитар Котевски

Д-р.Слободанка Арбовска

Д-р Лидија Паришко

Д-р Михајло Ташковски

Воведниот дел на текстот

Д-р. Димитар Котевски

Република Северна Македонија * Национална установа-Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ * Битола *

Текстот на монографијата

Д-р Соња Коцарева Трпезановска

Фотографии

Катерина Мавровска и архива

За издавачот

Драги Милошевски

АД Киро Дандаро Битола

Монографијава е пишувана според сеќавања на сегашни и пензионирани вработени, податоци од Монографијата „20 год. Медицински центар Битола“, како и податоци од книгата на д-р Петар Бојаџиев „Здравството во Битола 1944-2004“.

Битола, декември 2017 год.

Оваа монографија е посветена на сите кои дадоа и даваат свој придонес во развојот на Службата за физикална медицина и рехабилитација Битола

# Вовед

Пишувано е релативно многу за здравството во Битола и за развојот на болничката служба, но недоволно за специфичноста и развојниот пат на службата за Физикална медицина и Рехабилитација во нашиот град. Малубројни се досегашните истражувања, пишувања и печатени публикации во кои се презентираат оскудни податоци за последните 50 години.

Сериозни истражувања за физикална медицина и рехабилитација во нашиот град не се правени. Од овие причини сакаме преку оваа монографија да осветлиме некои делови од развојот на службата кој бил многу тежок, но со голем ентузијазам. Сметаме дека и оваа монографија ќе даде придонес кон историјата на медицината во Битола. Како резултат на нашите истражувања оваа монографија „55 години физикална медицина и рехабилитација во Битола'', ќе ја оттргне од заборав работата и придонесот (залагањата) на генерација физијатри и физиотерапевти од нашиот град. Не беше лесно да се соберат податоците кои се изнесени во оваа монографија. Живи сведоци од почетокот на формирањето на службата за Физикална медицина и Рехабилитација веќе нема, а сеќавањата на некои постари лекари и соработници (медицински сестри и болничари) се веќе изблеедени.

Пишувани документи има малку заради тоа пишувањето на оваа монографија беше тешка и одговорна задача. Сите тешкотии со кои се среќававме беа надминувани од нескриената желба да се оттргнат од заборав првите неимари на службата за Физикална медицина и Рехабилитација во Битола. Секако не смееме да ги заборавиме и нивните наследници, кои со голем ентузијазам ја продолжуваат започнатата работа, внесувајќи во неа нови знаења и применувајќи ги најновите достигнувања во физикалната медицина. Монографијата има скромни желби да даде приказ на историскиот развој на службата за Физикална медицина и Рехабилитација во нашиот град во последните 55 години. Покрај тоа се прави краток осврт на досегашната работа на службата и на нејзините составни делови (амбулантскиот, болничкиот и диспанзерскиот дел ). Покрај тоа што податоците кои ни беа достапни за анализа се нецелосни и оскудни, сепак е очигледно дека во изминатите години вработените во оваа служба вложувале и вложуваат максимални

напори и знаења во превенција и лекување на болни, не само од Битола туку и од Југозападниот регион на Македонија.

Во монографијата се презентирани биографски податоци за сите лекари кои работеле или работаат во Службата за физикална медицина и рехабилитација, медицинскиот персонал со средно и основно образование, чие секојдневно ангажирање во значајна мера учествува во сите постигнати успеси на ова одделение.

И покрај студиозниот пристап за реализација на оваа монографија, свесни сме дека веројатно има некои пропусти. Треба да се прифати како прилог кон понатамошни истражувања во развојот на службата за Физикална медицина и Рехабилитација во Битола и во Македонија, затоа што постојат многу периоди значајни за историјата на службата за Физикална медицина и Рехабилитација.

На крајот сакам да ја искажам благодарноста кон целиот персонал на службата за Физикална медицина и Рехабилитација: лекари - физијатри, медицински сестри, физиотерапевти и техничкиот персонал за нивната помош во подготовката на оваа монографија.

Исто така би сакал да ја нагласам несебичната соработка со д-р Соња Коцарева Трпезановска, во текот на подготовката и издавањето на монографијата со собирање на податоци, фотографии, кратки биографии за вработените лекари, началници на службата, главни медицински сестри и помошен персонал како и изготвување на текстот. Нејзината помош беше голема со голем број на сугестии за време на подготовката, во собирањето, комплетирањето и давање на забелешки во монографијата. Нејзина особено голема заслуга е тоа што таа е иницијатор за излегување од печат на монографијата „55 години Служба за физикална медицинаа и рехабилитација во Битола“.

**Прим. д-р Димитар Котевски**

## Историски развој

Корените на лекување на луѓето со физикална терапија може да се каже дека датираат уште од примитивниот човек кој ги препознал благодетите на сончевата светлина и топлина изложувајќи го своето телото на неа (денес позната како хелио терапија), како и инстиктивното триење на болното и отечено место (мануелна масажа). Се смета дека примената на физикална терапија е една од најстарите начини на лекување во историјата на медицината.

Името физикална терапија потекнува од грчкиот збор „fysis“ кое во превод значи природна т.е. користење на природни фактори за лекување. Рехабилитација – потекнува од латискиот збор „rehabilitation“ – кој означува повторно воспоставување на претходната состојба. Старите Асијци, Египјани, Грци и Римјани ја користеле сончевата светлина за лекување на болните и изнемоштени лица. Во Грчката и Римската историја се најдени првите записи за користење на електро терапијата односно користење на животинскиот електрицитет за лекување (Аристотел, Скрибоние). Познатите доктори како Хипократ и Гален први ја практикувале хелио терапијата, а тераписка масажа на телото прв ја вовел Херодонас заедно со Хипократ кој тврдел дека сите терапевти мора да знаат мануелна масажа. Древните Кинези во лекувањето користеле природни агенси како светлина, топлина, разни покрети, убоди на телото и сл. Во Египетските, Персиските и Месопотамските книги како и кај старите Кинези и Индуси (3000 год. п.н.е.), се споменува добробитта и корисноста од масажата. Кај старите Кинези било популарно и лекување со телесни покрети (кинези терапијата) која како лекување се спомнува уште 2700 год. п.н.е., за што има и записи во древната кинеска книга Конг-фу, каде се зборува за влијанието на тераписката гимнастика на здравјето на лугето. Старите Индуси околу 840 год. исто така тврделе дека вежбите имаат влијание на здравото дишење и здравиот дух. Старите Грци вежбите ги користеле како неопходен дел во лекувањето. Познатите доктори Хипократ, Меридок, Асклепиад сметале дека вежбите се составен дел на лекувањето но и превенцијата. Грчкиот филозоф Аристотел се смета за основоположник на употребата на вежбите кој и преку геометриска анализа на движењата ги изучувал активностите на мускулите. Првиот учебник за гимнастика го објавил Меркуријалис во 1570 год.

Модерната Физикална медицина и рехабилитација како посебна гранка доживува експанзија во поново време. На крајот на 19-ти век во периодот на Првата и Втората светска војна била масовно применувана кај повредените војници и население. Мора да се нагласи дека развојот на Физикалната медицина и рехабилитација е во непосредна колерација со развојот на Ортопедијата.

Здравствената традиција на овие наши простори вклучително и во Битола е голема. Таа датира уште од античко време во Македонската Хераклеа Линкестис, која била старомакедонска градска населба основана кон средината на IV век п.н.е. од Филип II Македонски. Во времето на Римското владеење и Византија масовно се користела хелиотерапијата на овие простори како една од најстарите терапии во лекувањето на луѓето. Во болниците во стара Грција (кои биле изградени покрај храмовите во чест на богот Асклепиј), познати како АСКЛИПИОН (претходник на денешните болници), се лекувале болни и изнемоштени. Во асклепионот покрај хелио терапија се применувало и лекување со топла вода ( хидро терапија). Посебно, со градењето на термите се означило и раѓањето на една повисока здравствена свест кај тогашните жители на градот. Термата во Хераклеа Линкестис која располагала со три сали за капење со минимални корекции била во употреба и во V век.



Исто така Турскиот период на владеење на Балканот е познат по изградба на болници и бањи ширум Османлиската империја. Во Битола постоеле Турската воена болница, а подоцна и Цивилната болница Благовестие, каде се лекувало населението.

Постојат податоци дека во визбите на болницата Благовестие имало казани во кои се вршела хидро терапија и термо терапија. Овие податоци се според дијагнозите од пописот на болницата и нивните годишни извештаи според кои на Интерното одделение се лекувале голем број болни со најразлични дегенеративни и реуматски заболувања на локомоторниот апарат.

## Почетоците на службата за физикална медицина и рехабилитација

Службата за Физикална медицина и рехабилитација се занимава со превенција, физикална дијагностика и терапија на болните или повредени пациенти како и нивна медицинска рехабилитација, се со цел да се врати пациентот во првобитната состојба или да му се обезбеди оспособување за извршување на секојдневните животни активности, односно враќање во неговата работна и социјална средина.

Првите почетоци на Балканот за организирана физикална терапија датираат од 1929 год. кога во Белград се отвора Централно одделение за физикална терапија, а покасно во 1935 год. се отвора Физикално одделение и во Скопје.

Во Битола почетоците за здравствено организирана физикална терапија се во рамките на Домот за народно здравје. Тој бил формиран во 1950 год. како централна превентивно амбулантно поликлиничка установа за Битола и Битолската околија. Во него опстојувале повеќе амбуланти.

Со амбулантата за Физикална терапија на почетокот раководел еден обучен физиотерапевт, односно демобилизиран војник од армијата. Тој бил едуциран за работа како физиотерапевт со курсеви кои ги обавувал во армијата. Важноста на оваа дејност се согледала со зголемување на бројот на пациенти па единствената просторија за терапија во Домот за народно здравје била мала да ги прими сите болни. Заради потребите на населението морало да се отвори и друга просторија каде што се применувала терапијата. Во тоа време Физикалната терапија работела со еден стар електро апарат и со парафино терапија, без современа опрема и без некоја голема стручност. Поорганизирано работење започнало под надзор на д-р Крсте В. Мишев, специјалист гинеколог, бидејки дејноста физикална терапија се извршувала во рамките на Гинеколошкиот диспанзер. Д-р Мишев бил роден во 1923 год. во Битола. Во 1956 год. се вработил во ДНЗ. Специјализацијата по

Гинекологија ја завршил во Белград и како млад специјалист се вратил во Битола каде работел се до 1966 год. кога заминал за Швајцарија. Тој започнал во лекување на стерилитет кај жени да користи покрај гинеколошка терапија и физикална терапија, односно длабоко затоплување на малата карлица со примена на електро терапија (кратки бранови) .

Во 1960/61 год. одделот за Физикална терапија добил уште две простории во кои покрај парафино терапија, електро терапија, се изведувале бањи и медицинска гимнастика. Во вака проширената физикална терапија се јавила неопходна потреба од доктор кој ќе го организира и надгледува изведувањето на терапијата. Во 1962 год. бил прераспределен д-р Петар Ѓ. Илиевски. Во тоа време терапија изведувале: Андромахи Кузмановска медицинска сестра, која со обука од 3 месеци во Скопје ги изведувала вежбите кај пациентите, електро терапија аплицирале Поликсена Корлевска медицинска сестра и Љупка Гроздановска, а помагала и бањите ги одржувала Мими Ивановска. Во овој период заради зголемената потреба и интерес кај пациентите било извршено и реновирање на просториите како и набавка на нова опрема.

**Прв доктор кој официјално бил назначен да работи, а покасно и да специјализира Физикална терапија бил д-р Петар Ѓорѓи Илиевски.**



**Д-р Петар Ѓ. Илиевски** бил роден на 04.04.1932 год. во Битола. Во 1962 год. по завршување на студиите на Медицински факултет во Скопје се вратил во Битола. Тој започнал со работа како општ лекар во одделот за физикална терапија, а на 01.07.1964 год. бил назначен за в.д. шеф. Од 17.10.1963 до 16.04.1964 бил испратен на практична работа, а потоа и на специјализација во Сојузниот институт за рехабилитација во Белград.

Специјализацијата ја завршил на 16.02.1968 год. со полагање на стручниот дел во Скопје. Со враќањето на д-р Петар Ѓ. Илиевски како прв специјалист по физикална медицина и рехабилитација во Битола започнал нов период на физикалната терапија во однос на подобра организација и стручност во лекувањето на пациентите. Во тоа време тој бил истакната општествено-политичка личност во градот што уште повеќе допринело за растот и развојот на Службата. На раководна функција на одделението бил се до 1978 год. Во периодот од 1979 до декември 1989 год. ја извршувал функцијата Директор на медицински центар Битола. Во текот на овие 10 години продолжил со својата голема поддршка во развојот на Службата но и на спортот и спортската медицина во градот. По завршување на функцијата директор, бил назначен за здравствен Советник, а д-р Владимир Белевски бил назначен за началник на одделението. Во пензија заминал на 30.12.1996 год.



Д-р Илиевски со дел од персоналот.

Во годините кои следувале Службата за ФМР продолжила со раст и развој на сите полиња. Во 1966 год. доаѓа уште еден млад доктор д-р Владимир Белевски, додека Лазар Неделковски 1966 год. со завршена Виша школа за физиотерапевти во Загреб, бил назначен за главен – физиотерапевт. Тој оваа функција ја извршувал се до 1987 год. Во 1963 год. на едукација во Белград бил испратен Симе Нечовски, кој во 1960 год. завршил средно медицинско образование и се здобил со звање медицински техничар. Благој

Алексовски во 1967 год. завршил масерско училиште за лица со оштетен вид, со неговото доаѓање започнало професионално изведување на масажа.



Дел од персоналот на почетокот на работа на одделението.

На 21.12.1965 год. со одлука на Собранието на Општина Битола бр. 04-9015, се формирала здружена здравствена организација Медицинскиот центар „Др Трифун Пановски" Битола. На 07.02.1966 год. биле избрани 17 началници на исто толку служби. Во годините кои следеле се создавале услови за растење и проширување со нови служби во болницата, но до овој датум физикална медицина сè уште не фигурирала како посебна служба.

Заради зголемеување на обемот на работа, но и несоодветен и недоволен простор во кој се работело имало неопходно потреба да се замени со нови простории, па Одделот за Физикална терапија заедно со Ортопедското одделение биле преселени во дел од стационарните простории на старата Специјална болница за ТБЦ.

Во 1971 год. била пуштена во употреба Новата болница.

Во 1972 год. двете служби биле преселени во приземниот дел на Новата болница. Една година подоцна во 1973 год. службата се одделила како посебна работна единица со стационарен и амбулантски дел, но се појавила потреба од изградба на нов наменски простор.

Во 1983 год. била пуштен во употреба новата зграда во која биле сместени Службата за физикална медицина и рехабилитација и Ортопедското одделение.

**<u>Во новата зграда службата се сместува на 22 декември 1983 год. кога свечено биле предадени просториите во кои имало услови за современо работење и лекување на пациентите</u>.**

Во 1984 год. во новата зграда почнал со работа и ново изградениот базен кој заедно со бањите во кади ја комплетирале Хидро терапијата.

Службата за Физикална медицина како посебно функционална единица во тоа време располагала со стационарен дел во кој имало 45 болнички кревети како и диспанзерски дел со амбуланта. Во рамките на диспанзерскиот дел работеле: оддел за електро терапија, оддел за кинези терапија со опремена кинези сала, оддел за хидро терапија со базен и кади за хидро терапија, оддел за работна терапија, оддел за парафино терапија , како и оддел за мануелна масажа.





Во прилог е презентирани текст кој бил објавен по повод пуштањето на објектот во употреба, заради неговата автентичност истиот е во целост.

ПО ПОВОД 22 ДЕКЕМВРИ, ДЕНОТ НА ЈНА И ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА СФРЈ

ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА НОВ ОДДЕЛ

НОВИОТ ОДДЕЛ СО СИМБОЛИЧНО ПРЕСЕЧУВАЊЕ НА ЛЕНТАТА ВО УПОТРЕБА ГО ПРЕДАДЕ ПОЛКОВНИКОТ ПЕТАР ВЕРОНОВСКИ ПРЕД ГОЛЕМ БРОЈ ВРАБОТЕНИ ВО МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР. ИСТАКНАТИ ОПШЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ РАБОТНИЦИ И ОД ГРАДОТ И РЕПУБЛИКАТА И ДРУГИ ГОСТИ. ЗА ЗНАЧЕЊЕТО И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА ОВОЈ ОДДЕЛ ЗБОРУВАШЕ ДИМЧЕ ЧИПУРОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР - БИТОЛА.

Инв.бр. 920260865
ID 683311013

ПО ПОВОД 22 ДЕКЕМВРИ, ДЕНОТ НА ЈНА И ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА СФРЈ

# ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА НОВ ОДДЕЛ

**- НОВИОТ ОДДЕЛ СО СИМБОЛИЧНО ПРЕСЕЧУВАЊЕ НА ЛЕНТАТА ВО УПОТРЕБА ГО ПРЕДАДЕ ПОЛКОВНИКОТ ПЕТАР ВЕРОНОВСКИ ПРЕД ГОЛЕМИОТ БРОЈ ВРАБОТЕНИ ВО МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР,, ИСТАКНАТИ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ РАБОТНИЦИ И ОД ГРАДОТ И РЕПУБЛИКАТА И ДРУГИ ГОСТИ ЗА ЗНАЧЕНИЕТО И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА ОВОЈ НОВ ОДДЕЛ ЗБОРУВАШЕ ДИМЧЕ ЧИПУЃОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР - БИТОЛА**

Во Медицинскиот центар „Д-р Трифун Пановски" во Битола, денеска функционираат 27 служби технички најсовремено опремени и обезбедени со доволен број стручен кадар што само по себе зборува дека населението од општината - Битола, како и од Југозападниот регион на Македонија имаат соодветна современа здравствена заштита.

Службите за ортопедска хирургија и трауматологија и физикална медицина со рехабилитација се едни од најмладите, односно се релативно помлади во споредба со останатите служби и покрај тоа што датираат од најстари времиња. Имено, овие две служби, во поранешните години, работеа во состав на други служби, меѓутоа, со развојот на здравството и со текот на времето двете служби веќе имаат обезбедено свое место во контексот на пружањето на соодветна здравствена заштита на населението.

Службата за ортопедска хирургија и трауматологија, како посебна единица, почна да функционира уште во 1958 година во просториите на старата болница за белодробно туберколоза и тоа само со еден лекар и сосема мал број друг персонал. По три години работа, со заминувањето на единствениот ортопед, Службата функционираше со повремено ангажирање на стручни лица од другите медицински центри во земјата. Во 1967 година, Битола се здобива со првиот ортопед и така оваа служба почна да ја добива својата физиономија, Покрај ортопедската хирургија, оваа служба ја презема и трауматологијата на локомоторниот апарат со што се означува почетокот на брзиот развој на оваа Служба. Бројот на лекарите се зголемува како и бројот на останатиот здравствен персонал. Се набавува најсовремена опрема и се создаваат услови за далеку посовремена заштита на населението и на овој план. Денеска во оваа служба се вработени 35 лица од кои 6 лекари се специјалисти, а двајца се на специјализација. Оваа служба има капацитет од 60. кревети,. а капацитетот во просек се користи со 70.масто. Услугите на оваа служба денеска ги користат жителите од целиот Југозападен регион на Македонија, односно околу 500. илјади жители. Вака технички и кадровски опремена оваа служба во секое време се носи со проблемите од доменот на ортопедијата и трауматологијата и посебно со раното откривање и соодветен конзервативен и оперативен третман на конгениталните аномалии кај децата.

Службата за физикална медицина и рехабилитација, во овој Медицински центар својот развој го започнува мошне скромно. Со дејност почна во 1960. година во состав на гинеколошкиот диспанзер во Домот на народно здравје со само неколку апарати и мал број персонал. Продолжи да работи во состав на ортопедската служба во старата болница за белодробна туберколоза меѓутоа со доаѓањето на првиот лекар од специјализација оваа служба постепено почна да се осамосталува. Со преселувањето во просториите на новата болница, заедно со ортопедската служба, службата за физикална медицина беше сместена во несоодветни простории. Поставените задачи се обавуваа со големи напори на целокупниот персонал. Напредокот на оваа служба пред се е резултат на мошне добрите односи и помошта на луѓето од ортопедската служба што придонесе службата за физикална медицина да застане на свои нозе. Почнувајќи од 1973 година, службата за физикална медицина се одвојува како посебна функционална единица и така почнува нејзиниот постепен но мошне ууспешен самостоен развој. Оваа служба обавува функција на лекување и рехабилитација на трауматизирани болни, конгенитални аномалии, неуролошки испади и многу други заболувања така што службата сега соработува и со скоро сите други служби во Медицинскиот центар. Службата за ф физикална медицина денеска располагатага со 45 кревети кои досега беа користени 85 масто.

Со преселувањето во новите простории се создаваат услови за пружање на далеку посовремена медицинска нега што ја овозможува современата медицинска опрема и новиот стационареч и терапеутски оддел. Тука се вработени 35 лица од кои 4 лекари специјалисти и еден лекар на специјализација, шест виши физиотерапеути, 8 дефеќенцирани терапеути и така натаму. И оваа служба пружа нега на населението од југозападниот дел на Македонија.

Со оглед на тоа што овие две служби не беа сместени во функционални простори од една страна и следејќи ја патологијата од друга страна, преземени се чекори за изградба на овој нов капацитет. Меѓутоа, покрај напорите на вработените во медицинскиот центар за изградба на овој капацитет голем придонес дадоа и сите структури во градот и Републиката.

Затоа ја користиме оваа прилика да им изразиме јавна благодарност на сите кои помогнаа Медиснкиот центар во Битола да се здобие со уште еден објект кој преставува современ простор за адекватно следење и соодветен третман што го бара современата медицина. Им изразуваме посебна благодарност на Републичката самоуправна интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување, Општинското собрание, Извршниот совет на собранието на општината - Битола, Општинската самоуправна интересна заедница за здравство и здравствено осигурување... на работнит организации: Свиларата „Илинден" „ Југотутун", Стопанската банка, ЗОИЛ - Македонија, Реплек-Македонија и проектантот и изведувачот Г.Р.О. „Пелистер и други.



**Пионери во развојот на физикалната терапија и рехабилитација во Битола покрај д-р Петар Ѓ. Илиевски биле:**



**Д-р Владимир Белевски** бил роден на 07.04.1933 год. во Битола. По завршување на средно образование во родниот град, продолжил на Медицински факултет во Скопје. Дипломирал на 27.09.1961 год. На почетокот на својата кариера од 1962 до1965 год. работел како лекар по општа пракса во претпријатието за обработка на тутун во Битола. Во1966 год. се вработил во Домот за народно здравје. Специјализацијата за ФМР ја добил 1971 год. Специјалистичкиот испит го положил на 14.03.1974 год. во Белград. Како специјалист работел во Службата за физикална медицина каде неколку пати бил поставуван за шеф на Диспанзерот. Од 1979 год. д-р Белевски во повеќе наврати бил и началник на Службата. Тој бил истакната општествено-политичка личност во градот и во период 1988-1990 год. ја имал и функцијата Претседател на Колективниот раководен орган на Медицински центар. По завршувањето на оваа функција бил назначен за здравствен Советник. Тој бил искусен физијатриски стручњак и под негово раководство се едуцирале многу млади лекари специјалисти физијатри Во службата за физикална медицина останал до 25.04.1998 год. кога бил пензиониран, но останал во мемоарите на службата како добар стручњак со хуман однос кон болните и со големо трпение да ги подучува младите.



Д-р Белевски со дел од персоналот.



**Д-р Владо Кирковски** е роден во с. Буково на 27.07.1949 год. Основно и средно образование завршил во родниот град. На 25.09.1974 год. дипломирал на Медицински факултет во Скопје. После дипломирањето се вработил како општ лекар. Специјализацијата ја завршил во Белград на 23.12.1982 год. Како завршен специјалист физијатар ја започнува својата успешна кариера во Битола. Тој во својот работен век се истакнал како вреден физијатар кој издал голем број на трудови како автор и коавтор. Во 1995 год. ја издал книгата „Лумбосакрален и радикуларен болен синдром“. Истата година д-р Кирковски го издал и прирачникот за пациенти „Што треба да се знае за лекувањето на крстоболката и ишијасот“, каде на многу разбирлив начин ги прикажува основните препораки за пациентите. Тој учествувал на голем број конгреси, семинари и престојувал во институции кои се занимавале со современо лекување со физикална терапија и рехабилитација во бившите Југословенски простори и кај нас. Посебно треба да се нагласи неговиот престој во Херцег Нови на Институтот „Игало“ каде ја посетувал Игалската школа во рамките на постдипломските студии по Реуматологијата. Д-р Кирковски бил началник на оделението во период 1990 до 1994 год. Во својот плоден работен век се здобил со титула Примариус и здравствен Советник. Во 2013 год. заминал во пензија.



**Д-р Христаки Спасевски** е роден на 18.12.1949 год. во Битола. Основно и средно образование завршил во Битола. Во 1968/69 год. се запишал на Медицински факултет во Софија, Р. Бугарија. После 2 години студиите ги продолжил на Медицински факултет во Скопје. Дипломирал на 23.06.1977 год. Прво вработување му било во Здравствен дом Ресен, а после една година во 1979, на одделението за ФМР во Битола. Во 1981 год. добил специјализација по физикална медицина и рехабилитација. Специјализацијата ја завршил во Белград на 19.01.1984 год. Во 1994 год. бил назначен за Началник на службата се до 1998 год. кога бил назначен за шеф на Диспанзерот. Во 1995 год. издал две монографии за дегенеративните болести на р’бет, „Цервикален и лумбален синдром“, како и низа авторски и коавторски трудови. Во 1996 год. се стекнал со звање Примариус. Во 2000 год.

предавал стручни предмети на Вишата медицинска школа и издал учебник за потребите на студентите на ВМШ во Битола. Во 2002 год. предавал и во Средното медицинско училиште. Во својот работен век посетувал многу стручни семинари и конгреси во Република Македонија и странство, во кои учествувал активно како автор и коавтор. Еден месец бил на студиски престој во Софија–Горна бања, како и во голем број институции и бањи од бившите Југословенски републики и кај нас. Во текот на работниот век се занимавал и со лекувањето на спортистите заради што престојувал на едукација за спортска медицина во Скопје и Кишњев (Р.Молдавија). Приватниот престојот на Афричкиот континент го искористил да ја посети болницата во Кејпт Таун и да се запознае со работата на одделот за Физикална медицина. Во 2014 год. заминал во пензија.



**Д-р Станко Ристевски** бил роден на 25.02.1948 год. во с. Старавина. Дипломирал на медицински факултет во Скопје 27.11.1978 год. Прво вработување му било како општ лекар во општата амбуланта во РЕК Битола и Медицина на трудот. Во службата за ФМР добил специјализација која ја завршил во Белград на 26.09.1987 год. Покрај работата на одделението тој бил и еден од омилените професори кои предавале во Средно Медицинско Училиште (СМУ) и на Вишата медицинска школа (ВМШ). На ВМШ бил од нејзиното основање во 1988 год. Д-р Ристевски во текот на работата на ВМШ како и СМУ во 1995 год. ја издал книгата „Основи на физикалната медицина“. Оваа книга долго време се користела како главен учебник во едукација на физиотерапевтите. Тој учествувал на многу семинари и конгреси како автор и коавтор, имал и низа стручни престои во рамките на бившите Југословенски републики и во нашата земја. Љубовта кон спортот ја преточил во грижа за фудбалерите од фудбалскиот клуб „Пелистер“, каде бил долги години клубски лекар. Во период од 4 години, од 1998 год до 2002 год. ја извршувал и функцијата Началник на одделението за ФМР. Д-р Ристевски за жал рано ја заврши својата кариерана 20.05.2007 год. и не го дочекал пензионирањето.

Главен медицински техничар во овој период бил Лазо Неделковски. По неговото заминување во пензија 1987 год. за главен бил назначен Симе Нечовски кој функцијата ја извршувал до 1989 год., а во 1990 и тој заминал во пензија.



Дел од персоналот во новиот објект на одделението.

Во 1991 год. на Катедрата за Физикална Медицина и Рехабилитација во Скопје, со која раководел професор д-р Стојан Грков, специјализацијата ја завршиле д-р Слободанка Арбовска и д-р Лидија Паришко. Во овој период на одделението имало и двајца секундарци општи лекари д-р Златка Стојановска и д-р Стево Раденков.

Во 1993-1994 год. од физијатрите, за прв пат во Битола била направена поголема студија за деформитетите на р’бетниот столб кај учениците од основните училишта, во која биле опфатени околу 5000 ученици.

Во 2000 год. специјализација по ФМР добиле д-р Михајло Ташковски и д-р Соња Коцарева-Трпезановска.

Службата за физикална медицина како посебна функционална единица имала неопходна потреба постоечкиот персонал континуирно да се едуцира во Заводот за рехабилитација во Скопје како и на вонредни студии на Вишата медицинска школа за физиотерапевти во Белград. Истовремено се вршело вработување на нови веќе завршени кадри. Во 1973 год. медицинските сестри Јагода Костиќ (вработена 1972 год.) и Живка Стојковска (вработена 1969 год.), биле испратени на едукација во Скопје, а потоа и во Белград. Во тој период во службата работела и Менка Трифуновска (вработена 1969 год.).

Со вработувањето на Ванѓел Дурловски во 1973 год. како уште еден физиотерапевски техничар - масер, заедно со Благој Алексовски кој бил вработен во 1967 год. се создале услови за формирање на посебен Оддел за Мануелна масажа. Овај оддел започнал да работ во две смени.

Во 1975год. била вработена Билјана Ивановска како оделенска сестра. Таа во 1986 год. завршила Виша медицинска школа во Белград и во периодот од 2002 до 2005 год. била назначена за Главна сестра- физиотерапевт на одделението. Павлина Куновска била вработена 1975 год. како медицинска сестра и во еден подолг период крајно посветено ја извршувала функцијата на Одговорна сестра на стационарот. Во 1975 год. се вработила Лилјана Наумовска, а во 1979 год. Стоил Трајков и двајцата со завршена Виша школа за физиотерапевти во Белград. Ристо Бабушковски бил вработен 1977 год., кој подоцна завршил Виша школа за физиотерапевти во Загреб. Во период од 1990 до 2000 год. Бабушковски бил назначен за Главен физиотерапевт на Службата. Тој голем дел од својот ангажман го посветил и на работата со спотристите. Медицинските сестри: Нина Божиновска (вработена 1980 год.), Лујза Митевска (вработена 1981 год.) и Мирјана Степановска (вработена 1982 год.), по потреба работеле и во диспанзерскиот дел за електро терапија, за што биле обучени. Во 1986 год. се вработила Тања Трпеновска како медицинска сестра. Истата година како болничар била вработена и Блага Стефановска, која подоцна звршила за медицинска сестра. Во одделот за Парафино терапија во овој период работеле Поликсена Корлевска и Андромахи Кузмановска.

Во рамките на Одделението за Физикална медицина во Битола, во 1976 год. за прв пат во Република Македонија се отворил Оддел за Работна терапија, каде како прв работен терапевт работела Соња Богоевска. Таа била вработена во1974 год. со завршена Виша школа во Белград Овој оддел најпрво работел во едена смена, се до 1981 год. кога како работен терапевт се вработила и Даница Настевска (завршила работен терапевт во Белград). Организацијата на оваа терапија се одвивала во две смени кои ја покривале работата на одделението, но и на диспанзерскиот дел, се до 1995 год. кога работната терапија се вклопила во рамките на Кинези салата.

 

Првите работни терапевти на одделението.

Во ноември 1985 год. во рамките на одделението за Физикална терапија и Рехабилитација се оформил и Диспанзер за Спортска медицина, каде работеле д-р Сотир Христовски (како прв завршен специјалист по спортска медицина на 28.11.1985 год.) заедно со медицинската сестра Марика Стефановска. Подоцна како специјалисти доаѓаат д-р Игор Алтипармаковски во 1987 год. и д-р Витомир Треневски во 1994 год. Мора да се нагласи дека претходно прегледите на спортистите се изведувале од страна на физијатрите. Диспанзерот за Спортска медицина опстојувал во рамките на Одделението за Физикална медицина и Рехабилитација се до 2005 год., кога Медицински центар - Битола се трансформирал во Клиничка болница и се поделил на уште два посебни субјекти - Домот за народно здравје и Центарот за јавно здравје. Диспанзерот за Спортска медицина продолжил со работа во рамките на Домот за народно здравје.



Докторите од спортска медицина како дел од одделението за ФМР

Со зголемување на обемот на работа се зголемувала и потребата од нови вработувања, така што во 1984 год. се вработиле Розета Сокаровска, со завршена Виша школа во Белград и Лилјана Божиновска со завршена Виша школа во Љубљана. Во 1985 год. со завршена Виша школа во Белград се вработила Маријана Тодоровска која во период од 2000 до 2002 год. била назначена за Главен физиотерапевт на одделението за ФМР. Во 1986 год. се вработила Дунавка Бујчевска со завршена Виша школа во Белград, а во 1987 год. Наде Петревска како физиотерапевтски техничар со завршено образование во Скопје. Во 1989 год. како физиотерапевт техн. се вработиле Данка Муловска со завршена ССС во Белград (подоцна завршена ВМШ во Битола) и Стефанија Димовска со Виша терапевтска школа завршена во Белград. Во 1990 год. вработени била Елизабета Поповска која по завршување на Високата медицинска школа во Битола од 2015 год. ја извршува функцијата Главен физиотерапевт на одделението и Лидија Најдовска со ССС-физиотерапевт техничар. Во 1995 год. се вработиле Наташа Трпезановска со ССС физиотерапевт техничар како и Оливер Георгиев со завршена Виша школа во Белград. Во 2002 год. се вработила Билјана Конзуловска со ССС – физиотерапевт техничар, која подоцна со завршувањето на Високата медицинска школа во Битола, во период од 2005 до 2015 год. ја извршувала функцијата Главна медицинска сестра на одделението.

Во 2015 год. заради голем број пензионирања има повторно нови вработувања и на одделението доаѓаат Христијан Тодоровски и Даниела Петковска, со завршена Висока школа во Благоевград за Кинезитерапевти, Ајнур Османи со завршено специјално средно училиште во Скопје за масер, Божидар Поп Христов, Митко Павлески и Катерина Бујчевска со ССС-физиотерапевти.

Работата на одделението за Физикална медицина има посебна тежина со својот стационарен дел каде се хоспитализираат пациентите за понатамошна рехабилитација, особено после лекување на други одделенија, најчесто од Неврологија, Интерно, Ортопедија, САРИЛ и др. На одделението се лекуваат и пациенти од целиот Југозападен регион на Македонија. Комплетната нега и аплицирање на медицинска терапија на пациентите кои се хоспитализираат крајно совесно и посветено ја изведуваат петте медицински сестри: Лујза Митевска, Мирјана Степановска, Татјана Трпеновска, Билјана Конзуловска и Жанета Шепендиева. Амбулантскиот дел работи со медицинските сестри Елица Тошевска и Виолета Ивчевска. На одделението својата работа ја започнале и голем

број други сестри, кои подолго или пократко време се задржувале на одделението. Да споменеме само некои од нив Силвана Вчкова Лозановска, Јорданка Јуруковска, Маре Сипковска, Гордана, Лидија Јурукова, Елена Комитовска, Сузана Торкова и др. На стационарот често пати се рехабилитираат тешки пациенти кои имаат потреба од поинтензивна нега и помош. Покрај медицинските сестри на одделението во негата и хигиената учествувале и голем број помошен персонал како болничари, хигиеничари, сервирки и тоа Менка Нечевска, Прока Јовановска, Анастасија Топаловска, Васка Переловска, Нада Гулабовска, Весела Петровска, Трајанка Мајсторовска, Искра Микарова, Пера Митревска и др. Денес болничари на одделението кои со голема посветеност и грижа ја извршуваат својата работа се: Благој Бабински (вработен во 1986 год.), Јулиета Банушевска (вработена 2008 год.), Валентина Јовановска (вработена 2014 год.), Јованка Ристевска и Доминика Милошевска (вработени 2015 год.), а во диспанзерскиот дел Земрие Абаси (вработена во 2016 год.).



Персоналот на одделението за ФМР

Заради осовременување и проширување на работата како и набавување на нови апарати се појавува потреба од надградување на образованието на физиотерапевтите и медицинските сестри, особено со отворањето на Високата медицинска школа во Битола. Со Висока стручна спрема се здобиваат: Билјана Конзуловска, Силвана Вчкова, Елизабета Поповска, Данка Муловска, Дунавка Бујчевска, Даница Настевска, Розета Сокаровска, Маријана Тодоровска, Катерина Бујчевска и Божидар Поп Константинов.

## ОДДЕЛЕНИЕТО ДЕНЕС

Одделението за Физикална медицина и рехабилитациха продолжува да расте и да се развива и понатаму со крајна професионалност и посветеност на целокупниот персонал кој несебично се залага да оддржи континуитет во давање на високо професионална медицинска рехабилитација.

### Доктори кои денес работаат на одделението



**Д-р Слободанка Арбовска**, специјалист физијатар родена е на 29.09.1957 год. во Битола. Основно и средно медицинско образование завршила во родниот град. Медицински факултет завршила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на 05.07.1982 год. Се вработила во 1984 год. и на почетокот работела како лекар предавач во Средното медицинско училиште во Битола, паралелно и како лекар секундарец на одделението за Физикална медицина и рехабилитација. Специјализација добила во 1989 год. и ја изведувала во Заводот за ФМР- Козле и Клиниките на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијта ја завршила на 26.06.1991 год. Како специјалист физијатар ја продолжила работата на одделението и во Средното медицинско училиште како предавач на стручни предмети на отсекот за физиотерапевти во следните 5 год. Во период од 2002 до 2005 год. и од 2012 год. до ноември 2017 год. била назначена за Раководител на одделението. Денес работи како специјалист физијатар и ја извршува функцијата шеф на оддел.



**Д-р Лидија Паришко**, специјалист физијатар родена е на 29.06 1958 год. во Битола. Основно и средно образование завршила во Битола, а Медицински факултет на 28.06.1983 год во Скопје. Од 1984 год. работела како лекар во општа амбуланта во ГП „Пелагонија“ Скопје. Во 1986 год. се вработила на одделението за ФМР и работела како лекар секундарец и предавач во Средното медицинско училиште. Специјализација добила 1989 год. и ја изведувала во Заводот за рехабилитација „Козле“ и Клиниките на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата ја завршила на 18.06.1991 год. Работела како специјалист физијатар на Одделението за ФМР и паралелно како предавач на стручни предмети во Средното медицинско училиште во Битола на отсекот за физиотерапевти во следните 4 години. За Началник на одделението е назначена во 2005 год. Д-р Паришко има учествувано и посетувано голем број на школи, семинари и конгреси во заемјава и странство каде и самата имала активно учество како автор и коавтор на трудови. Особено треба да се спомене учеството на Конгресот за Физикална медицина и Ортопедија во САД. Денес работи на одделението како специјалист физијатар и како шеф на оддел.



**Д-р Михајло Ташковски**, специјалст физијатар, роден е на 12.09.1954 год. во Битола. Основно и средно образование завршил во Битола, дипломирал на Медицински факултет во Скопје 06.01.1982 год. Работел повеќе години како лекар во спортските клубови во Битола и повеќе години соработувал со службата за ФМР. Се вработил во 1984 год. како општ лекар во индустриските амбуланти. Од 1988 до 1993 год. бил лекар секундарец на одделението за ФМР. Работел во Службата за брза помош сè до 2000 год. кога добил специјализација која ја завршил во Скопје на 26.06.2002 год. Работи како специјалист физијатар во службата од 2002 год. Од ноември 2017 год. назначен е за раководител на одделението.



**Д-р Соња Коцарева-Трпезановска**, специјалист физијатар родена е на 30.06.1960 год. во Охрид. Основно и средно образование завршила во родниот град, а Медицински факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 04.06.1986 год. Од 1987 год. живее во Битола. На 15.09.1988 год. започнала со работа во Службата за Здравствена заштита на село се до 1992 год. Работела во повеќе селски амбуланти како: Маково, Суводол, Трновци, Ивањевци, Новаци, Кукуречани и др. Од 1992 до 1997 год. работела во Службата за Итна медицинска помош во Битола, краток период во Службата за Здравствена заштита на дете - Советовалиште како и една година како Матичен лекар во рамките на Општата служба Битола. Во 2000 год. добила специјализација која ја изавршувала во Заводот за Физикална медицина и рехабилитација „Козле“ и Клиниките на Медицински факултет во Скопје. Специјализацијата ја завршила во 2003 год. Во 2007 год. била назначена за Раководител на одделението и оваа функција ја имала се до 2012 год. Во 2012 год. била назначена за Стручен директор за Интернистички гранки во Менанцерскиот тим на д-р Василе Најдовски, се до 2017 година. Во текот на 2015 година во рамките на едукација за здравствените работници како проект на Министерството за Здравство на Република Македонија, еден месец престојувала во болницата „Токуда“ во Софија, каде се здобила со Сертификат за работа со ласер. Во текот на работата како специјалист физијатар учествувала и посетувала голем број семинари, школи, конгреси во земјава и странство во кои учествувала со свои трудови. Во списанието Voxmedici го објавила своето истражување за животниот пат на својот дедо д-р Анастас Коцарев кој бил научник и близок соработник на Марија Кири, како и редовен професор на познатиот Универзитет Сорбона во Париз. Ова истражување било вклопено во проектот Истражувачка видливост - 2011 Македонија. Благодарение на ентузијазмот на проф. д-р Љупчо Трпезановски и проф. д-р Божин Доневски кои овозможиа да се отргне од заборав еден голем Македонски научник. Проектот под наслов „Заборавени Македонски умови“ бил промовиран на Македонската јавност но и пошироко по повод чествувањето на „100 год. Марија Кири“. Д-р Соња Трпезановска денес работи како специјалист физијатар на одделението за ФМР.

**Медицински сестри кои денес работаат на одделението**

1. Татјана Трпеновска (10.05.1966) – Одговорна медицинска сестра
   Образование: ССС Битола, Вработена: 1986
2. Лујза Митевска (19.04.1958) – Медицинска сестра
   Образование: ССС Битола, Вработена: 1981
3. Мирјана Степановска (15.05.1962) – Медицинска сестра
   Образование: ССС Битола, Вработена: 1982
4. Благица Стефановска (25.08.1955) – Медицинска сестра
   Образование:ССС Битола, Вработена: 1986 (пензионирана 2017 год.)
5. Биљана Конзуловска (10.11.1974) – Спец. медицинска сестра
   Образование: ВМШ Битола, Вработена: 2002
6. Жанета Шепендиева (09.11.1962) – Медицинска сестра
   Образование ССС Битола, вработена 1985



**Медицински сестри кои денес работаат во амбулантата**

1. Елица Тошевска (16.03.1956), медицинска сестра, ССС, вработена 1980.
2. Виолета Ивчевска (05.04.1965), медицинска сестра, ССС, вработена 1987.



**Физиотерапевти кои денес работаат на одделението**

1. Елизабета Поповска (28.05.1970) – Главен физиотерапевт

   Образование: ССС Скопје, ВМШ Битола ,Вработена:1990
2. Дунавка Бујчевска (13.05.1963) – Одговорен физиотерапевт

   Образование: Виша Мед. Школа Белград, ВМШ Битола, Вработена: 1986
3. Даница Настевска (11.09.1958) – Физиотерапевт

   Образование: Виша Мед. Школа Белград, ВМШ Битола, Вработена: 1981
4. Лилјана Божиновска (13.07.1958) – Физиотерапевт

   Образование: Виша Мед. Школа Љубљана, Вработена: 1984
5. Маријана Тодоровска (30.01.1963) – Физиотерапевт

   Образование: Виша Мед. Школа Белград, ВМШ Битола, Вработена: 1985
6. Розета Сокаровска (20.06.1961) – Физиотерапевт

   Образование: Виша Мед. Школа Белград, ВМШ Битола, Вработена: 1984
7. Оливер Георгиев (22.03.1967) – Физиотерапевт

   Образование: Виша Мед. Школа Белград, Вработен: 1995
8. Наде Петровска (16.12.1967) – Физиотерапевт Тех.

   Образование: ССС Скопје, Вработена: 1986
9. Лидија Најдовска (07.06.1966) – Физиотерапевт Тех.

   Образование: ССС Штип, Вработена: 1990

10. Данка Муловска (10.08.1965) – Физиотерапевт

Образование: ССС Белград, ВМШ Битола, Вработена: 1989

11. Наташа Трпезановска (28.06.1974) – Физиотерапевт Тех.

Образование: ССС Битола, Вработена: 1995

12. Христија Тодоровски (18.03.1984) – Кинезитерапевт

Образование: ВМШ Бугарија, Вработен: 2015

13. Божидар Поп Константинов (12.06.1989) – Физиотерапевт

Образование: ВМШ Битола , Вработен: 2015

14. Ајнур Османовски (03.10.1986) – Физиотерапевт Тех.

Образование: ССС Скопје, Вработен: 2015

15. Даниела Петковска (21.02.1988) – Кинезитерапевт

Образование: ВМШ, Магистер на Кинезитерапија Бугарија, Вработена: 2015

16. Митко Павлески (14.09.1987) – Физиотерапевт Тех.

Образование: ССС Битола, Вработен: 2015

17. Катерина Бујчевска (25.10.1989) – Физиотерапевт

Образование: ВМШ Битола , Вработена: 2016



Помошен медицински персонал - болничари

1. Јулиета Банушевска (22.03.1974) – Болничар, Вработена: 2008
2. Валентина Јовановска (29.06.1969) – Болничар, Вработена: 2014
3. Благој Бабински (05.01.1964) – Болничар, Вработен: 1986
4. Доминика Милошевска (06.12.1973) – Болничар, Вработена: 2015
5. Јованка Ристевска (15.07.1964 ) – Болничар, Вработена: 2015.

Помошен медицински персонал - хигиеничари

1. Земрие Абаз – Хигиеничар, Вработена: 2016

# Организација на службата

Службата за Физикална медицина и Рехабилитација денес е организирана и работи со 4 специјалисти физијатри

Д-р Михајло Ташковски - Раководител

Д-р Слободанка Арбовска Специјалист Физијатар -раководител на одсек

Д-р Лидија Паришко Специјалист Физијатар- раководител на одсек

Д-р Соња Коцарева-Трпезановска Специјалист Физијатар



**Диспанзерски дел** - кој се состои од повеќе оддели во кои работаат 17 физиотерапевти со соодветно образование: 10 со ВМШ, 2 со ВШ, 4 со ССС и 1 масер со стручно образование.

- Електро терапија
- Парафино терапија
- Масажа
- Ласеро терапија,
- Терапија за лимфна дренажа,
- Магнето терапија
- Хидро терапија со базен (кој не работи подолг период)

- Кинези сала



**<u>Стационарен дел</u>** - се состои од 37 кревети и еден апартман со 2 кревети. Организацијата на работа на одделението се изведува со еден раководител специјалист физијатар, 3 специјалисти физијатри, од кои 2 се одговорни на одделите, една главна сестра-физиотерапевт, физиотерапевти кои ја покриваат работата во диспанзерот и на одделението, 4 медицински сестри со ССС, 1 со ВМШ и 5 болничари-хигиеничари.

Вака организирана службата ординира физикална терапија и рехабилитација на населението од Битола и пошироко од целиот Југозападен регион: Кичево, Ресен, Демир Хисар, Прилеп, Крушево и др. Оваа служба врши и конзилијарни прегледи на сите одделенија на кои се хоспитализирани пациенти кои имаат потреба од понатамошна рехабилитација или физикална терапија. Особена успешна соработка има со одделението за Ортопедија каде се изведува рана рехабилитациј, а потоа се продолжува со рехабилитација на одделението за ФМР, како и со одделенијата за Неврологија, Неврохирургија, Хирургија, САРИЛ, Интерно и др.

Прикажувајќи го обемот на работа во изминативе три години може да се согледа важноста и потребата од одделението за ФМР. Во 2015 год. се извршени 5456 прегледи, 538

хоспитализации, а изведени процедури во терапевскиот дел се 79056. Во 2016 год. се прегледани 7381 пациент, хоспитализирани 540, а процедури 80076. До октомври 2017 год. се прегледани 6896 пациенти, 423 хоспитализирани, 42890 изведени процедури. Просечен престој на пациетите со дегенеративни заболувања е 14 дена, а пациентите кои се непокретни и имаат потреба од подолга хоспитализација и рехабилитација престојуваат од 21 до 30 дена.

Како перспективен план на оваа служба се поставуваат следните задачи: комплетно реновирање на стационарот, после поставувањето на нова дограма и фасада во 2016 год. благодетите се огроми, но има неопходна потреба од внатрешна реконструкција на објектот во целост. Диспанзерскиот дел во минатотот бил повеќе пати реновиран. Во 2012 год. со спонзорство и голем ангажман и несебично залагање на докторите и другиот персонал е извршено последното реновирање. Во последниве години имаше набавка на нови апарати, но со напредокот на медицината има потреба за доопремување со нова и посовремена апаратура. Со оглед на зголемување на бројот на пациентите има и голема потреба за пополнување на персоналот со нови и млади стручни кадри (лекари специјалисти и останат персонал). Императив во новата организација на работата би било организирање на домашно лекување за болни кои би сакале физикалната терапија и рехабилитацијата да ја изведуваат во домашни услови. Особена благодет за пациентите би бил повторното ставање во функција на базенот и обновување на хидро одделот.

**<u>Раководители на Службата за физикална медицина и рехабилитација</u>**:

д-р Петар Илиевски  од основањето до 1979 год кога станува Директор на болницата

д-р Владимир Белевски од 1979 до 1990

д-р Владо Кирковски од 1990 до 1994

д-р Христаки Спасевски 1994 до 1998

д-р Станко Ристевски од 1998 до 2002

д-р Слободанка Арбовска од 2002 до 2005 и од 2012 до 2017

д-р Лидија Паришко од 2005 до 2007

д-р Соња Коцарева Трпезановска од 2007 до 2012

д-р Михајло Ташковски од 2017 -   понатаму.

**<u>Главни медицински сестри – медицински техничари - физиотерапевти:</u>**

Лазар Неделков  од основање до 1987

Симе Нечовски од 1987 до 1989

Ристо Бабушковски од 1990 до 2000

Маријана Тодоровска од 2000 до 2002

Билјана Ивановска од 2002 до 2005

Билјана Конзуловска од 2005 до 2015

Елизабета Поповскаод 2015 - понатаму.

Република Северна Македонија
Национална установа-Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски"
Битола

